Службен весник на Република Македонија бр.42 од 30 јуни 2003 година

# ЗАКОН
# за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем што ќе се склучи меѓу Европската Банка за обнова и развој и Фондот за магистрални и регионални патишта на Република Македонија за реализација на Проектот за патишта II (изградба на Обиколница околу Скопје и на делницата Смоквица - Гевегелија)

Член 1

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските по Договорот за заем за реализација на Проектот за патишта II (изградба на Обиколница околу Скопје и на делницата Смоквица - Гевегелија) што ќе се склучи меѓу Европската Банка за обнова и развој и Фондот за магистрални и регионални патишта на Република Македонија во износ од 40 милиони ЕВРА.

Член 2

Сите финансиски обврски од Договорот за заем од член 1 на овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе ги намирува Фондот за магистрални и регионални патишта на Република Македонија од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

Член 3

Заемот од член 1 на овој закон ќе се отплаќа на следниот начин:

Рокот на отплата е 15 години со вклучен грејс период од 4 години и варијабилна каматна стапка - шестмесечен ЕУРИБОР плус 1 процент.

Заемот ќе се отплаќа во еднакви полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 20 март и 20 септември секоја година, почнувајќи од 20 септември 2007 година, а завршувајќи на 20 март 2018 година.

По ефективноста на заемот ќе се плати еднократна провизија од 1% за управување со заемот додека на неповлечениот дел од средствата ќе се плаќа провизија од 0,5% годишно.

Член 4

Доколку пристигнатите ануитети во роковите утврдени со Договорот, во име на Фондот за магистрални и регионални патишта на Република Македонија ги плати Република Македонија, Министерот за финансии, по 30 дена од денот на извршувањето на обврската, но не подоцна од 60 дена, ќе издаде налог на Народната Банка на Република Македонија, каде што Фондот за магистрални и регионални патишта на Република Македонија има денарска сметка, да пренесе од сметката на Фондот за магистрални и регионални патишта на Република Македонија во корист на сметката на приходите на Буџетот на Република Македонија, денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за настанатите трошоци поврзани со соодветната трансакција.

Член 5

Република Македонија се до целосна отплата на заемот, секоја година, од Буџетот на Република Македонија ќе трансферира износ не помал од 20% од проектираниот износ на приходи од акцизи од нафтени деривати во буџетот на Фондот за магистрални и регионални патишта на Република Македонија.

Член 6

Во буџетот на Фондот за магистрални и регионални патишта на Република Македонија кој го донесува Собранието на Република Македонија, се до целосна отплата на заемот, секоја година, ќе бидат предвидени најмалку 21 милион ЕВРА за тековно одржување на патиштата во Република Македонија.

Член 7

Фондот за магистрални и регионални патишта на Република Македонија во периодот од 2004 до 2007 година, од приходите утврдени со годишниот буџет, ќе обезбеди финансиски средства во износ од 15,6 милиони ЕВРА како учество на Република Македонија за реализација на Проектот за патишта II, изградба на Обиколница околу Скопје и на делницата Смоквица - Гевгелија.

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".